СЦЕНОГРАФИЈА

Сценографија е уметничка дисциплина за создавање амбиенти наменети за претстави. Сценографијата подразбира употреба на светлина, звук, облека, изведба, конструкции и просторно уредување. Претставува заедничка, усогласена замисла и на режисерот и на визуелниот уметник во врска со одредена сценска претстава или филм.

Сценографијата како правец во сценската уметност има за цел да создаде амбиент во кој публиката ќе заборави на надворешниот свет и целосно ќе се фокусира на сценското дејство од најразличен тип. Во минатите векови сценографите користеле масивни конструкции за да претстават цели села, куќи, пејзажи и слично. Денес, со помош на технологијата, сценографијата често се базира на употреба на едноставни елементи и употреба на проекција што помага просторот да добие целосно различна димензија.

Има повеќе видови на сцени како што се филмска, театарска (за драмска претстава, балет, опера, куклена претстава), музичка( фестивалска, диско и сл.), модна и сл.










SONG CONTEST
BAKU 2012

# Типови на сценографија

Во согласност со карактеристиките, сценографијата може да се класифицира по следниот редослед:

Апстрактна: Ова е сценографија која подлежи на пластични елементи како што се форма, боја, волумен, а го занемарува реалистичниот момент.

Реалистична:  Во овој случај, декорацијата на сцената го претставува местото кое изгледа сосема реално. Тоа може да биде достојна копија на местото на настанот или да  асоцира на него, со низа елементи, автентични со местото, времето и настанот.

Сугестивна : Во овој случај, како би можел гледачот по реално да ја доживее претставата, понекогаш и активно да учествува во неа, сцената е централно поставена, а публиката е многу блиску и кружно поставена до неа.

Функционална: Ова е тип на сценографија која содржи точно елементи колку што е потребно да има на сцената и  најмногу  се користи за во циркус. Во суштина ова е вид на шоу каде се користат најнеопходни елементи како што се облека, топки и слично и бара брза промена на сцената.



# ТЕАТАТАРСКА СЦЕНОГРАФИЈА

ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕАТАРСКАТА СЦЕНОГРАФИЈА

Под поимот театарска сценографија се подразбира обликување и креирање на сценскиот простор во кој се игра драмската/балетската/оперската претстава. Поимот потекнува од старогрчкиот збор (скенографиа), сцена, цртање; што упатува на сликање на сценскиот декор, театарско сликање; сликање на предмети во далечина, перспективно сликање. Овој поим е интернационално прифатен театарски израз и се користат и поимите: сценограпхs / стагецрафт / сет десигн (анг.), сзенограпхие/ бӱхненбилд (герм.), сцéнограпхие (франц.) и есценографíа (шпан.). Човекот што се занимава со креирање/создавање на сценографијата се нарекува сценограф. За различното гледање на поимот сценографија се изјасниле голем број сценографи. Она што ги карактеризира и поврзува познатите и реномирани светски сценографи во дефинирањето на оваа област се поимите: визуелна уметност, дизајн, простор, време, дејство, движење, светло, текст, боја, актер, режисер, гледач. Општо гледано, сценографијата е спој на ликовната уметност, скулптурата, архитектурата и дизајнот; неразделна е од оптиката, односно светлината. Таа во себе обединува неколку различни категории од кои зависи и кои се нејзини неразделен елементи: односот и читањето на текстот; визијата и гледањето на режисерот; видот и употребата на материјалите, бојата и светлото; костимот, движењето, ритамот и технологијата на изработка. Според сценографот Памела Хауард, сценографијата подразбира склоп на неколку аспекти, кои имаат иста тежина и значење во целата претстава и каде секој извира и зависи од претходниот. Сфаќањето на сценографијата започнува со разбирањето на потенцијалите на празниот простор во кој ќе биде изведена претставата. Потоа врз основа на текстот се истражува контекстот на претставата за да се одберат правите објекти, форми или бои кои треба да се вградат во просторната композиција што на текстот ќе му дадат виталност и визија. Според Хауард, просторот е мртов сé додека не го населат актерите кои ќе станат движечки елемент на сценските слики, толкувајќи ја приказната која се нагласува со употреба на тој простор. Соработката помеѓу театарските уметници понатаму е насочен кон режисерската визија, и сето тоа го оживува простор и го обликува во согласност со потребите на претставата. Конечниот елемент, кој го затвора овој кругот, е публиката која го исполнува заедничкиот простор на театарската зграда и која е онаа причина за која се создава делото. Сценографијата се подразбира онаква какво што е само ако овие седум аспекти имаат еднаква тежина и значење во целата театарска претстава, каде секој од нив извира од претходниот и зависи од него. (Хауард, 2002: 19) Шематски прикажан процесот на изработка на една сценографија може да се прикаже на следниов начин: ТЕКСТ РЕЖИЈА СЦЕНОГРАФ ЦРТЕЖ (ПРОЕКТ) технички цртежи избор на материјал ИЗВЕДБА Столарска работилница Декоратери Сликање/ боење ПОСТАВУВАЊЕ НА СЦЕНА СВЕТЛО МАЈСТОР АКТЕРИ.















Домашна задача:

Внимателно прочитајте го текстот, разгледајте ги сликите и изработете две сцени.  Едната да биде театарска сцена за детска претстава по ваш избор, а другата, сцена за некој музички настан.

Внимавајте како ќе ги претставите сцените бидејќи тие треба да го задржат вниманието на гледачот (колоритност, илуминација, светлосни ефекти) и индиректно да раскажуваат за делови од содржината (каде се одигрува дејството, во какви услови...). Напоменувам дека сцената сакам да ја направите без присуство на актерите.

Ова се последните задачи по Ликовна уметност, Ве молам што поскоро да ги изработите сите задачи што Ви беа зададени во последново тромесечие како би можеле да си заслужите супер крајна оценка. ☺

Имајте пријатна работа ☺

Поздрав